**2** СТРАНИЦА ● СРЕДА 5 ЈАНУАРИ 1994 ГОДИНА **ДНЕВН**

НОВИ ИСТОРИСКИ ДОКУМЕНТИ

# Како е распарчувана Македонија

**● Софискиот весник „Континент" публикува, наводно, досега непознат извештај на британскиот Форин**
**од јануари 1994 година. - Со термините „окупација", „добиени делови", „бугаризација" и слично, лондо**
**Министерство кажува дека Македонија не е ниту бугарска, ниту грчка, ниту српска**

**БРАНКО ТРИЧКОВСКИ**
(Наш постојан дописник)

Софија, 4 јануари

Денешен софиски „Континент" посветува цела страница на еден извештај на британскиот Форин офис за „македонскиот проблем". Анализата е од јануари 1944 година. Документот се чува во Државниот британски архив и, според авторот на прилогот, досега бил непознат за бугарската јавност.

Извештајот на британското Министерство за надворешни работи, онака како што го претставува авторот на прилогот Јордан Ангелов, е еден историски пресек на „македонскиот проблем" и на можностите за негово регулирање по војната. Меѓутоа, вториот дел е многу „тенок" шт... тува на заклучокот дека можеби и не е објавен во целост. На таков заклучок наведуваат и амбициите на Ангелов да докаже дека „историските документи покажуваат дека грчките претензии кон Македонија се неосновани". Таа негова теза има основи во овој документ, но, во суштина, не поминува многу подобро и неговата примарна заложба: да покаже дека тие документи се на страната на Бугарија.

Тешко е да се направи преглед на историскиот дел на овој извештај. Тој почнува со елинизацијата на Македонија во деветтиот век пред нашата ера и завршува со почетокот на Втората светска војна. Од тој огромен период можеби треба да се одбележи констатацијата дека „Филип и Александар Македонски, владетели на Македонија, го прошируваат своето господство над грчките градови - држави по македонското крајбрежје и во јужна Грција... Постои, значи, јасно разграничување на Македонија и на Грција што може да биде интересно во врска со грчките претензии околу ѕвездата од Вергина.

Форин офис констатира дека „современата форма на македонското прашање е резултат од создавањето на бугарската егзархија и на грчката патријаршија. Според британското Министерство, прво, „од македонски бегалци (кои во Бугарија биле многубројни и претставувале речиси една половина од населението) е формиран црковен комитет со барање за присоединување на Македонија кон Бугарија". Една година подоцна, односно во 1896 година, според овој извештај, е создадена Внатрешната македонска револуционерна организација „чија цел беше автономија за Македонија, а нејзините водачи и покрај тоа што беа Словени, со години се обидуваа да воспостават пријателски односи со сите националности во Македонија".

Како што се гледа, дозволена е сериозна грешка од три години во однос на создавањето на ВМРО.

**Потоа следува кус осврт на балканските војни, на Првата светска војна и на меѓувоениот период. Има тука и некои детали кои говорат многу. На пример, се вели дека со Букурешкиот мировен договор Македонија е разделена по линиите на реалната окупација".** Значи, се говори за окупација, а не за какво било ослободување. Или, на пример, една ваква формулација: „Земјата (Македонија 1915, н.з.) беше бугаризирана, бугарски свештеници и учители беа испраќани и словенските жители ги менуваа завршетоците на своите презиминња од „ик" на „ов". Претходно, се разбира, земјата е србизирана според одредбите на Букурешкиот мировен договор и тоа во овој дел што сега се означува како Вардарска Македонија. Во тие години, согласно со Нејскиот договор, Грција „работи на размена на населението со Бугарија и на тој начин обезбеди преместување на голем дел од Словените од нејзината источна Македонија". Пред тоа, Грција „ја доби северна Македонија, Солун и егејското крајбрежје до утоката на Места".

Значи, повторно се говори за

„добивање" за „реална оку
слично. Тоа е во согласност
риската терминологија од
Втората светска војна и, з
се гледаат амбициите на т
рија во однос на Македониј
ната. Така, авторот на при
„Котинент" завршува доста

Во тој поглед, „Србит
дека македонските Словен
Срби кои бараат само иск
дини образование за да ги
фактите". Тој став ги пр
„огорчените жалби на Мак
до Заедницата на народите
лиот свет".

Ефектот, според Форин
беше реакцијата на ВМРО
Југославија стана непријат
еден.

Прегледот завршува с
њето дека „голем дел од
сто во југословенска Ма
беше автономистички наст
друг дел бил за присоедин
Македонија кон Бугарија".

Во својата дополните
лешка, авторот Јордан
вели дека овој извештај во
може да се смета за „про
настроен" и дека „историск
ховните врски на населен
Македонија со Бугарија, пр
ваат да ги следат поголем де
гословенските Македонци".